04-471/1

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА И ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЕКОНОМИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА И НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/факултетот/институтот, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/8, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, акад. Таки Фити, редовен професор во пензија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје и д-р Трајко Славески, редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Билјана Ташевска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Билјана Ташевска е родена на 12.9.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во 2001 година во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, на департманот Финансиски менаџмент. Дипломирала во 2005 година, со просечен успех 9,61.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од францускиот јазик.

Во учебната 2006/07 се запишала на втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, на студиумот Управување во јавниот сектор. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 1.7.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Буџетскиот дефицит, јавниот долг и проблемот на истиснување на приватните инвестиции (crowding-out),* со што се стекнала со научен степен магистер на економски науки.

Докторска дисертација пријавила во октомври 2011 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје. Дисертацијата на тема: *Меѓузависноста на буџетскиот дефицит, јавниот долг и фискалната одржливост* ја

одбранила на 12.3.2015 година, пред Комисија во состав: акад. Таки Фити, проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Трајко Славески и проф. д-р Горан Петревски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

Во 2006 година е избрана за помлад асистент по предметот основи на економијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје На 31.8.2015 година е избрана во звањето доцент по економски науки на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, по предметот Општествено богатство и национални сметки (Одлука на Наставно-научниот совет на Економски факултет – Скопје бр. 0202-1642/11). Рефератот за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1104 од 15.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во билтени бр. 963 од 30.4.2009 година, бр. 1018 од 01.11.2011 година, бр.1082 од 15.8.2014 година и бр. 1104 од 15.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет - Скопје, кандидатката д-р Билјана Ташевска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма по економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, а е ангажирана и на трет циклус студии, на студиската програма по економски науки, на предметот Јавни финансии. Во изведувањето на наставата, кандидатката со целосна посветеност и забележителен успех е ангажирана во пренесувањето на знаењето на студентите, притоа користејќи современи методи во наставно-образовните активности.

Кандидатката д-р Билјана Ташевска работела на подготовка на нов предмет: Економија на социјалната држава, кој е воведен со наставната програма од учебната 2017/18 година, а за истиот предмет има подготвено интерна скрипта за изведување на наставата. Исто така, кандидатката д-р Билјана Ташевска има подготвено интерна скрипта за изведување на настава по предметот Национални сметки.

Кандидатката била ментор на 16 дипломски трудови и учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 58 дипломски, и на 2 магистерски трудови.

Конкретните активности, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата во Образец 2, приложен кон овој Извештај.

Научноистражувачка дејност

Д-р Билјана Ташевска од последниот избор до денот на пријавата има објавено вкупно 14 научни труда од областа на економската теорија и на применетата економија, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија индексирани во Scopus, 2 труда во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор, 3 труда во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни

академски собири, 1 труд во зборник на трудови од научен собир меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во научно списание, 2 труда во зборник на трудови на високо образовна установа и 1 труд во зборник од научен собир, како и 1 апстракт објавен во зборник на апстракти од меѓународен научен собир. Коавтор е на 1 научна монографија и 1 дел од монографија објавена во странство.

Д-р Билјана Ташевска учествувала како член во 1 меѓународен научен проект и 2 национални научни проекти.

Д-р Билјана Ташевска била рецензент на четири научни труда.

Називите на трудовите, проектите и сл., со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата во Образец 2, приложен кон овој Извештај.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Билјана Ташевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје. Кандидатката има континуирано учество во промотивните активности на Факултетот, како што се Отворениот ден на Економскиот факултет во Скопје и посети во средните училишта во Скопје и во земјата.

Д-р Билјана Ташевска остварила 3 експертски активности како предавач и косултант за домашни и меѓународни институции. Одржала и 1 предавање на настан организиран од културно-информативно здружение.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на ISEG – Lisbon School of Economics and Management, University of Lisbon, во Лисабон, Португалија, во јуни 2019 година.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Била вклучена во работата на 10 стручни комисии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје. Почнувајќи од јули 2015 година, кандидатката ја извршува функцијата секретар на катедрата по економија на Економски факултет – Скопје.

Д-р Билјана Ташевска била секретар на уредувачкиот одбор на 1 меѓународно научно списание, а била член на организацискиот одбор на 1 меѓународна летна школа, 1 меѓународна конференција и 1 јавна трибина организирани од Економски факултет – Скопје.

Конкретните активности, со датуми и други релевантни податоци, се наведени во табелата во Образец 2, приложен кон овој Извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Билјана Ташевска, во сите години пред изборот (2015/16, 2017/18 2018/19 и 2019/20), доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економски факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање и долгогодишната соработка со кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува

и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Ташевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес (вкупно пресметани 143,2 поени, од кои во наставно - образовната дејност – 43,8 поени, во научно - истражувачката дејност – 81,9 поени и во стручно - апликативната дејност – 17,5 поени), Комисијата заклучи дека д-р Билјана Ташевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјаланта држава и Национални сметки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет - Скопје, д-р Билјана Ташевска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Владимир Филиповски**
2. **Акад. Таки Фити**
3. **Проф. д-р Трајко Славески**

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Благој Ташевска

Институција: Економски факултет - Скопје

Научни области: економска теорија и **применета економија**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,61 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 Просечниот успех изнесува 9,81 за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: економска теорија и применета економија, поле економски науки, подрачје општествени науки.	ДА
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1/1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Post-Communist Economies 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: The Effectiveness of Fiscal and	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Monetary Policies in a Small Open Economy - The Case of Macedonia 4. Година на објава: 2019	
3.1/2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: International Journal of Business and Globalisation 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 5. Наслов на трудот: Lessons Learned From the Global Recession - Redesigned Framework of Key Macroeconomic Policies 6. Година на објава: 2019	ДА
3.1/3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: World Review of Entrepreneurship, Management and Sustainable Development 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 7. Наслов на трудот: Innovations and Entrepreneurship in the Macedonian Business Sector 8. Година на објава: 2017	ДА
3.2/1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Economic and Social Development (Book of Proceedings), 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development Development – "Building Resilient Society" 2.Назив на меѓународниот собир: 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development Development – "Building Resilient Society" 3.Имиња на земјите: Хрватска, Португалија, Австралија, Русија, Турција, Бразил, Романија, Нигерија, Србија, Индија, Полска, Албанија, Швајцарија, Чешка, Словенија, Латвија, САД, Словачка, Кина, Канада, Литванија, Унгарија 4. Наслов на трудот: The impact of fiscal decentralization on	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	economic growth in the CEE countries 5. Година на објава: 2019	
3.2/2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Proceedings of the ISCCRO - International Statistical Conference in Croatia, Vol. 2, No.1 2.Назив на меѓународниот собир: ISCCRO'18: The Second International Statistical Conference in Croatia "New Advances in Statistical Methods Applications for a Better World" 3.Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Македонија, САД, ВБ, Албанија, Франција, БиХ, Индија, Романија, Австрија, Кина, Србија, Литванија, Унгарија, Чешка, Грција, Полска, Црна Гора, Португалија 4. Наслов на трудот Estimating a fiscal reaction function for the South East European countries 5. Година на објава: 2018	ДА
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.7.2015 год., Билтен бр. 1104	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Благој Ташевска

Институција: Економски факултет - Скопје

Научна област: Економска теорија и Применета економија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	<u>**Одржување на настава**</u> [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * број на семестри] <u>Прв циклус студии</u> ▪ Општествено богатство и национални сметки (4*15*0,04*4 = 9,6 поени) ▪ Политика на социјален развој (6*15*0,04*1 = 3,6 поени) ▪ Економија на социјалната држава (6*15*0,04*1 = 3,6	16,8

	поени)	
	Настава во школи и работилници ▪ Предавач на Меѓународната летна школа *Направи разлика – стани млад лидер во справување со новите економски предизвици на патот кон ЕУ (Make a difference – become a young leader on dealing with new economic challenges on the path to the EU* (1 поен)	1
	Одржување на вежби [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * број на семестри] ▪ Општествено богатство и национални сметки (2*15*0,03*4= 3,6 поени)	3,6
	Консултации со студенти [број на студенти * бодување] ▪ Општествено богатство и национални сметки (1655*0,002 = 3,31 поени) ▪ Политика на социјален развој (101*0,002 = 0,202 поени) ▪ Економија на социјалната држава (120*0,002 = 0,24 поени)	3,8
	Подготовка на нов предмет ▪ Економија на социјалната држава	1
	Ментор на дипломска работа [број на менторства * бодување 0.2] ▪ Општествено богатство и национални сметки (13*0,2 = 2,6 поени) ▪ Политика на социјален развој (3*0,2 = 0,6 поени)	3,2
	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд [број на комисии * бодување 0.3] (2*0,3 = 0,6 поени)	0,6
	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа [број на комисии * бодување 0.1] ▪ Економско планирање (15*0,1 = 1,5 поени) ▪ Макроекономија (9*0,1 = 0,9 поени) ▪ Основи на економијата (33*0,1 = 3,3 поени) ▪ Социологија (1*0,1 = 0,1 поени)	5,8
	Интерна скрипта од предавања ▪ Интерна скрипта за изведување на настава по предметот Општествено богатство и национални сметки (4 поени) ▪ Интерна скрипта за изведување на настава по предметот Економија на социјалната држава (4 поени)	8
	Вкупно	**43,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.	**Назив на активноста:**	**Поени**

број		
	<u>Учесник во национален научен проект</u> ▪ „Фискални мултипликатори – случајот на Република Македонија“, МАНУ, 1.1.2014 – 31.12.2016 година (соработник – истражувач) (3 поени) ▪ Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет – Скопје „Перспективи и предизвици на процесот на приближување јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската Унија“, 2013–2018 (3 поени)	6
	<u>Учесник во меѓународен научен проект</u> ▪ „Импликациите од Европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во Европската унија“, заеднички проект на МАНУ и БАН (Бугарската Академија на Науките) (5 поени)	5
	<u>Монографија</u> ▪ Фити, Т. и др. (2017) *Макроекономските ефекти на фискалната политика во Република Македонија* (уредник А. Бецети), МАНУ, Центар за стратегиски истражувања, Скопје (8*0,6 = 4,8 поени)	4,8
	<u>Дел од монографија објавена во странство</u> ▪ Ташевска, Б. и Треновски, Б. (2017) „Фискална политика, фискална одржливост во мала и отворена економија во услови на глобалните економски нарушувања – случајот на Република Македонија“, во Фити, Т. и др. (ур.) *Импликациите од Европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во Европската Унија*, МАНУ и БАН (Бугарската Академија на Науките), стр. 178-195 (6*0,9 = 5,4 поени)	5,4
	<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование</u> ▪ Fiti, T., Filipovski, V., Antovska, M. and Tashevska, B. (2017) “Innovations and Entrepreneurship in the Macedonian Business Sector”, *World Review of Entrepreneurship, Management and Sustainable Development*, Vol. 13, No. 2/3, 2017, pp.194-210 (Scopus) (5*0,6 = 3 поени) ▪ Trenovski, B. and Tashevska, B. (2019) “Lessons Learned From the Global Recession - Redesigned Framework of Key Macroeconomic Policies”, *International Journal of Business and Globalisation*, Vol.22 No.4, pp.468 - 489	7,5

	(Scopus) (5*0,9 = 4,5 поени)	
	<u>Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование</u> ▪ Trenovski, B. and Tashevska, B. (2015) “Fiscal or monetary dominance in a small, open economy with fixed exchange rate–the case of the Republic of Macedonia”, Zbornik radova Ekonomskog fakulteta u Rijeci / Proceedings of Rijeka Faculty of Economics, 33(1), pp.125-145. (8+0,346) * 0,9 = 7,511 ▪ Petrevski, G., Trenovski, B. and Tashevska, B. (2019) “The Effectiveness of Fiscal and Monetary Policies in a Small Open Economy - The Case of Macedonia”, *Post-Communist Economies*, 31:6, 805-821 (8+0,541)*0,8 = 6,833	14,3
	<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови</u> ▪ Trpkova-Nestorovska, M., Trenovski, B. and Tashevska, B. (2018) "Migration and its impact on the demographic transition in the countries of the European Union", CEA Journal of Economics, Volume 13, Issue 2, , Skopje, pp.35 – 52 (5*0,8 = 4 поени) ▪ Tashevska, B., Trpkova-Nestorovska, M. and Trenovski, B. (2019) "Socio-economic determinants of social spending in the EU", CEA Journal of Economics, Volume 14, Issue 4, pp. 35 – 48 (5*0,8 = 4 поени)	8
	<u>Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји</u> ▪ Makreshanska Mladenovska, S. and Tashevska, B. (2019) "The impact of fiscal decentralization on economic growth in the CEE countries" in D. Dukic, T. Studzieniecki and J. Grzinic (eds) *Economic and Social Development (Book of Proceedings), 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development Development –*	13

	"Building Resilient Society", Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia / University North, Koprivnica, Croatia / Faculty of Management University of Warsaw, Warsaw, Poland / Faculty of Law, Economics and Social Sciences Sale - Mohammed V University in Rabat, Morocco / Polytechnic of Medimurje in Cakovec, Cakovec, Croatia, pp. 77-86 (5*0,9 = 4,5 поени) ▪ Tashevska, B., Trpkova-Nestorovska, M. and Trenovski, B. (2018) "Estimating a fiscal reaction function for the South East European countries" in Dumicic, K., Erjavec, N., Pejic Bach, M. and Zmuk, B. (eds.) *ISCCRO'18: The Second International Statistical Conference in Croatia (Book of Proceedings) - "New Advances in Statistical Methods Applications for a Better World"*, Vol. 2, No. 1, Zagreb: Croatian Statistical Association, pp. 36-42. (5*0,8 = 4 поени) ▪ Tashevska, B. and Trenovski, B. (2017) "Testing Fiscal Sustainability in the Republic Of Macedonia - A VAR Approach" in Potocan, V., Kalinic, P. and Vuletic, A. (eds.) Economic and Social Development (Book of Proceedings), 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia; Faculty of Management University of Warsaw, Warsaw, Poland; University North, Koprivnica, Croatia, pp. 479-489 (5*0,9 = 4,5 поени)	
	<u>Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји</u> ▪ Ташевска, Б. и Треновски, Б. (2016) „Фискалната одржливост на Република Македонија на патот кон ЕУ", во *Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020) - искуства, предизвици, перспективи*: Прилози од Меѓународната конференција, одржана на 6 мај, 2016 година / [Уредувачки одбор Таки Фити ... и др.]. - Скопје: Македонска академија на науките и уметностите : Влада на РМ, стр. 199-213 (3*0,9 = 2,7 поени)	2,7
	<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание</u> ▪ Tashevska, B. (2019) "Social expenditure in the European countries", *Conitributions. Section of Social Sciences,* XLIX 1-2 2018, Macedonian Academy of Sciences and Arts, pp. 151-160 (3 поени)	3
	<u>Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа</u> ▪ Tashevska, B. (2018) "The tax-spend debate - review of the empirical literature", Annual of the Faculty of Economics - Skopje, Vol. 53, Skopje, pp. 467-484 (2 поени) ▪ Ташевска, Б. (2017) „Преглед на методите за оценување	4

	на фискалната одржливост", Годишник на Економски факултет – Скопје, Том 52 (2017), Скопје, стр. 411-424 (2 поени)	
	<u>Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир</u> ▪ Треновски, Б. и Ташевска, Б. (2019) „Ефикасноста и одржливоста на јавните финансии во Република Македонија", во Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија, Зборник од Научната конференција одржана во Охрид на 4-5 Октомври 2018 година (ур. Таки Фити, Гоце Петрески, Изет Зеќири), Македонска академија на науките и уметностите, стр. 401-416 (2*0,9 = 1,8 поени)	1,8
	<u>Рецензија на научен/стручен труд</u> (4*0,2 = 0,8 поени) ▪ Рецензент на научен труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2017 ▪ Рецензент на научен труд за "International Journal of Business and Globalisation", Special Issue on: "Business and Economic Challenges in the Post-Great Recession: Global Economy and Business at a Crossroad", 2017 ▪ Рецензент на научен труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2016 ▪ Рецензент на научен труд за Journal of Contemporary Economic and Business Issues, 2016	0,8
	<u>Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)</u> ▪ 49th International Scientific Conference on Economic and Social Development Development – "Building Resilient Society", Zagreb: Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia; University North, Koprivnica, Croatia; Faculty of Management University of Warsaw, Warsaw, Poland; Faculty of Law, Economics and Social Sciences Sale - Mohammed V University in Rabat, Morocco; Polytechnic of Medimurje in Cakovec, Cakovec, Croatia, Загреб, Хрватска, 13-14 декември 2019 год. ▪ ISCCRO'18: The Second International Statistical Conference in Croatia - "New Advances in Statistical Methods Applications for a Better World", организирана од Croatian Statistical Association, Опатија, Хрватска, 10-11 мај 2018 год. ▪ „Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија", Научна конференција организирана од МАНУ во соработка со Влада на РМ, НБРМ и Стопанска Комора на РМ, Охрид, 4-5 Октомври 2018 ▪ 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", Varazdin Development and Entrepreneurship Agency, Varazdin, Croatia; Faculty of Management University of Warsaw,	5

	Warsaw, Poland; University North, Koprivnica, Croatia, 8-9 декември, Загреб, Хрватска ▪ „Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020) - искуства, предизвици, перспективи“, во организација на Македонска академија на науките и уметностите и Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, Скопје, 6.5.2016 год.	
	<u>Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција</u> ▪ Trenovski, B., Tashevska, B., Kozeski, K. and Merdzan (2019) “Analysis of the interactions between real compensation growth and labor productivity growth in selected countries”, in *Book of abstracts* of the 11th International Conference *Digital transformation of the economy and society: shaping the future*, Faculty of Economics – Prilep, University „St. Kliment Ohridski“-Bitola, 19-20 October, 2019, Prilep, Macedonia (1*0,6 = 0,6 поени)	0,6
	Вкупно	**81,9**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	<u>Учество на промотивни активности на Факултетот</u> ▪ Учество во промотивни активности на Економскиот факултет во Скопје реализирана преку посета и презентации во средните училишта во Скопје и низ Републиката (2017, 2018 и 2019) (3* 0,5 = 1,5) ▪ Учество во „Отворени денови на Економски факултет - Скопје“ (2016, 2017, 2018 и 2019) (4*0,5=2)	3,5
	<u>Експертски активности</u> ▪ Предавач на Обуката „Овластен Портфолио Менаџер“, за Модул 1: Квантитативни методи на вреднување на портфолио, организирана од Академијата за Банкарство и Информациски Технологии (АБИТ), април 2019 ▪ Учество во организирање и водење на фокус група во рамки на проектот *Redefining the Manner and Determining the Criteria for Designated and Block Grants for Municipalities (MSIP-PMU-CS-IC-022-18)* - World Bank technical assistance to the Ministry of Local Self-Government and Ministry of Finance of the Republic of Macedonia, на 04.09.2018 год ▪ Консултант на тимот на Светска банка за подготовка на публикацијата *World Bank. 2018. Former Yugoslav Republic of Macedonia - Systematic Country Diagnostic: Seizing a Brighter Future for All. Washington,* D.C.: World Bank Group	3
	<u>Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри</u>	0,5

	▪ 29 July 2016, Скопје, Предавање на тема "Наследството на Милтон Фридман за економската наука и политика", во рамки на настанот Friedman Legacy for Freedom Day, организиран од Здружението за култура, заеднички вредности и одржлив развој „ДИВАН", Скопје (0,5 поени)	
	▪ Член на редакциски одбор на *Наставни програми на Економски факултет – Скопје за учебната 2017/2018 година* (0,5 поени)	0,5
Дејности од поширок интерес		
	<u>Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание</u> ▪ Секретар на уредувачкиот одбор на научното списание *Journal of Contemporary Economic and Business Issues*, кое го објавува Универзитет „Св. Кирил и Методиј' во Скопје, Економски факултет – Скопје; (1 поен)	1
	<u>Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир</u> ▪ Член на организациски одбор на јавната трибина „Економски разговори - јавните финансии на крстопат", одржана на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, на 21.05.2018 година (0,5 поени)	0,5
	<u>Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир</u> ▪ Член на Организациски одбор на меѓународната конференција Economic and Business Trends Shaping the Future 2020, во организација на Економски факултет – Скопје (1 поен) ▪ Член (секретар) на Организациски одбор на меѓународната летна школа на Економскиот факултет – Скопје во учебната 2016/2017 под наслов: Направи разлика – стани млад лидер во справување со новите економски предизвици на патот кон ЕУ (Make a difference – become a young leader on dealing with new economic challenges on the path to the EU), Одлука на ННС бр. 02-648/4 од 11.04.2017 година (07.04.2017), одржана во Охрид во периодот 07-13 август 2017 (1 поен)	2
	<u>Студиски престој во странство</u> ▪ Учество на Летната школа Using EU-SILC to simulate tax-benefit policies, ISEG – Lisbon School of Economics and Management, University of Lisbon, 25-28 June 2019 (0,5 поени)	0,5
	<u>Член на факултетска комисија</u> ▪ Член на комисија за спроведување на постапката за избор на членови на комисијата за самоевалуација на Економски факултет – Скопје 2019 г. (0,5 поени) ▪ Член на комисија за спроведување на постапката за избор на декан на Економски факултет – Скопје 2019 г. (0,5 поени) ▪ Учество во активности за упис на студенти на прв циклус студии во учебните 2015/16; 2017/18; 2018/19 и 2019/2020 (4*0,5 = 2 поени)	5

	▪ Член на комисија за попис на основни средства на Економски факултет – Скопје - 2017 год. (0,5 поени) ▪ Член на рецензентска комисија за избор на демонстратори на Катедрата по Економија за учебните 2017/18, 2018/2019 и 2019/20 година (3*0,5 = 1,5 поени)	
	Секретар на Катедрата по економија – два мандати (2 * 0,5 поени)	1
	Вкупно	**17,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**43,8**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**81,9**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**17,5**
Вкупно	**143,2**

Членови на комисијата

1. Проф. д-р Владимир Филиповски, претседател
2. Акад. Таки Фити, член
3. Проф. д-р Трајко Славески, член

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр.02-734/7 Дата.08.04 2020 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 3.4.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Билјана Ташевска Калкашлиева, се избира за наставник во научните области: Економска теорија и Применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки.

2. Д-р Билјана Ташевска Калкашлиева се стекнува со наставно – научно звање вонреден професор започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука.

3. Д-р Билјана Ташевска Калкашлиева согласно Законот за високото образование се избира за вонреден професор за период од 5 години, односно во периодот од 3.4.2020 до 2.4.2025 година.

4. Платата на д-р Билјана Ташевска Калкашлиева ќе се утврди со посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научните области: Економска теорија и Применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 4.2.2020 година, се пријави само кандидатот д-р Билјана Ташевска Калкашлиева.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1210 од 1.3.2020 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 3.4.2020 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Владимир Филиповски
- Академик Таки Фити
- Проф. д-р Трајко Славески

и ја избра д-р Билјана Ташевска Калкашлиева за наставник во наставно – научно звање вонреден професор, во научните области: Економска теорија и Применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Билјана Ташевска Калкашлиева, продекан за настава, продекан за финансии, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

ДЕКАН

Изработил:Д.К

Проф. д-р Предраг Трпески